**ЗАПИСНИК**
**од 23-та седница на Советот**
**одржана на 14.05.2013 година**

**Присутни членови на Советот:** д-р Зоран Трајчевски, д-р Милаим Фетаи, м-р Методија Јанчески, акад. Бојан Шоптрајанов, м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов, Замир Мехмети, Бранко Радовановиќ, м-р Васко Петревски, Сељадин Џезаири, Методи Стоименовски, Столе Наумов, Антонио Јовановски, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски.

**Отсутни членови на Совет: /**

**Присутни од Стручна служба:** Огнен Неделковски, м-р Емилија Јаневска, Слободан Беличански, Цветанка Митревска, м-р Драгица Љубевска, Луција Ѓурковиќ, Ружица Бошнакоска – Јотевска.

**Други присутни:** Филјана Кока од МТВ, Мелихате Рустеми од ТВ Алсат М, Букурије Абди од ТВ Ера, Јета Жута од ЦРМ, Горан Наумовски од Инфо Плус, Сања Јовановиќ од ТВ Телма.

Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски ја отвори 23-та седница на Советот за радиодифузија на Република Македонија. Седницата започна во 10 часот и се одржа во просториите на Советот.

Предлози за измена или дополнување на дневниот ред не беа понудени.

Советот едногласно, со 15 гласа „за“, го усвои следниот:

## Д н е в е н р е д

1. Усвојување на Записникот од 20-та седница на Советот одржана на 24.04.2013 година, за која имаше и едно продолжение, одржано на 25.04.2013 година.
2. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД Алсат М ДОО Скопје емитуван на 15 април 2013 година.
3. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје емитуван на 15 април 2013 година.
4. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје емитуван на 15 април 2013 година.
5. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје емитуван на 15 април 2013 година.
6. Информација за исполнување на обврската за објавување на податоците согласно член 20 став 1 и 2 од Законот за радиодифузната дејност.
7. Информација за радиодифузерите што не доставија податоци за економско-финансиско работење за 2012 година.
8. Информација за ослободување од плаќање радиодифузна такса за обврзниците во с. Црешка, општина Штип, со Предлог-Одлука.
9. Предлог - пропишана процедура за процесот на спроведување на постапки за јавни набавки во Советот за радиодифузија на Република Македонија.
10. Барање бр.11-83 од 30.04.2013 година, за регистрирање на пакет програмски сервиси бр.2 на Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор Кабле Калл увоз-извоз ДООЕЛ Кичево.
11. Барање бр.11-87 од 08.05.3013 година, за регистрирање на пакет програмски сервиси бр.42 на Македонски Телеком АД Скопје,
12. Барање бр.11-85 од 30.04.2013г., за регистрирање на пакет програмски сервиси бр.3 на ТРД – оператор на кабелска мрежа Спејс Тел-Нет ДООЕЛ с.Кадино, Илинден, Скопје.

13. Барање бр.11-84 од 30.04.2013 година, за регистрирање на пакет програмски сервиси бр.1 на Друштво за услуги, трговија и производство МОБИ Сервис увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, општина Кривогаштани.

**Точка 1**

Советот го разгледа Записникот од 20-та седница на Советот одржана на 24.04.2013 година, за која имаше и едно продолжение, одржано на 25.04.2013 година.

Членот на Советот, Столе Наумов, имаше забелешка во однос на еден дел од неговото излагање. Имено, неговото излагање во текстот на записникот било пренесено како констатација, и тоа треба да се измени и да биде поставено во прашална форма.

Советот, со посочената забелешка, со 13 гласа „за“ и два воздржани гласа од членовите на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов и Замир Мехмети, го усвои Записникот од 20-та седница на Советот одржана на 24.04.2013 година, за која имаше и едно продолжение, одржано на 25.04.2013 година, во текстот како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД Алсат М ДОО Скопје емитуван на 15 април 2013 година.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека со оглед на тоа што за констатираниот прекршок на член 98 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (емитување прикриено рекламирање), до ТВ Алсат е упатено укажување пред речиси две години, предложи укажувањето да се повтори.

Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски, се согласи на ТВ Алсат М за прекршување на на член 98 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (емитување прикриено рекламирање), да му се упати укажување и предлогот го стави на гласање.

Советот го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД Алсат–М ДОО Скопје, емитуван на 15 април 2013 година.

Советот со 14 гласа „за“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, одлучи на ТРД Алсат–М ДОО Скопје:

- поради прекршување на член 98 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (емитување прикриено рекламирање), да се упати укажување.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да го подготви укажувањето.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да го евидентира укажувањето во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот да го достави укажувањето до ТРД Алсат–М ДОО Скопје.

**Точка 3**

Советот го разгледа предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје емитуван на 15 април 2013 година.

Советот го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД Сител ДООЕЛ - Скопје, емитуван на 15 април 2013 година.

Советот со 15 гласа „за“, едногласно одлучи на ТРД Сител ДООЕЛ - Скопје:

- поради прекршување на член 106 став 2 од Законот за радиодифузната дејност (спонзорираните програми не треба да ја поттикнуваат продажбата, купувањето или изнајмувањето на производи или услуги од спонзорот или на трето лице), да се изрече мерката: писмена опомена со барање за објавување.

На ТРД Сител ДООЕЛ - Скопје му се наложува во рок од 7 (седум) дена, од денот на приемот на Одлуката, да ја отстрани сторената повреда со непочитувањето на Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на РМ", бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010, 145/2010, 97/2011) и прописите донесени врз основа на истиот закон.

Се задолжува ТРД Сител ДООЕЛ - Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката, да ја изврши изречената мерка и во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Одлуката, писмено да го извести Советот за радиодифузија на РМ за денот кога ќе ги спроведе/изврши истите.

Се задолжува ТРД Сител ДООЕЛ – Скопје, изречената мерка писмена опомена со барање за објавување да ја изврши на начин што на телоп на целиот екран, ќе се испишат податоци за: органот кој ја изрекол мерката, називот на изречената мерка, датумот и часот на сторувањето на прекршокот поради кој е изречена мерката, описот на прекршокот и бројот на членот од Законот кој е прекршен. Објавувањето да се изврши во периодот од 17:00 до 20:00 часот. На објавените писмени опомени со барање за објавување, не е дозволено да се емитува коментар.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи да го следи извршувањето на изречената мерка: писмена опомена со барање за објавување од страна на радиодифузерот ТРД Сител ДООЕЛ - Скопје и да го извести Секторот за правни работи за да ја евидентира во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ја подготви Одлуката.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ја евидентира Одлуката во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот да ја достави Одлуката до ТРД Сител ДООЕЛ - Скопје.

**Точка 4**

Советот го разгледа предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје емитуван на 15 април 2013 година.

Советот едногласно го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД Канал 5 ДОО - Скопје, емитуван на 15 април 2013 година.

Со еднодневниот мониторинг од 15 април 2013 година, на програмата на ТВ Канал 5 не се констатирани прекршувања на одредбите од Законот за радиодифузната дејност и на подзаконските акти.

**Точка 5**

Советот го разгледа предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје емитуван на 15 април 2013 година.

Советот го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 15 април 2013 година.

Советот едногласно одлучи на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје:

- поради прекршување на член 94 став 4 од Законот за радиодифузната дејност (во реалниот час кога се емитува телешопинг прозорец не е дозволено емитување на рекламни спотови, телешопинг спотови, како и други форми на рекламирање), да се изрече мерката: писмена опомена.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ја подготви Одлуката.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ја евидентира Одлуката во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот да ја достави Одлуката до ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје.

**Точка 6**

Советот ја разгледа предложената Информација за исполнување на обврската за објавување на податоците согласно член 20 став 1 и 2 од Законот за радиодифузната дејност.

Вишиот соработник од Секторот за истражување и долгорочен развој, кратко ја образложи предметната точка.

Советот ја усвои предложената Информација за исполнување на обврската за објавување на податоци за работењето на радиодифузерите во претходната година на 31 март.

Советот, на 19 март 2013 година, до сите трговски радиодифузни друштва упати укажување (бр. 03-1240/1), со цел да ги потсети на обврската за објавување на податоците за работењето во претходната година, што произлегува од член 20 став 1 и став 2 од Законот за радиодифузната дејност.

Поради непостапување по укажувањето (бр. 03-1240/1), на трговските радиодифузни друштва што ги објавија податоците само на својата програма, а не и во дневен весник, Советот едногласно одлучи:

- на Трговско радиодифузно друштво ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга, да му се изрече мерката: писмена опомена;

Поради непостапување по укажувањето (бр. 03-1240/1), на трговските радиодифузни друштва што ги објавија податоците само на својата програма, а не и во дневен весник, Советот со 14 гласа „за“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, одлучи:

- на ТРД МУЗИЧКО РАДИО КМР Љубиша и Бобан ДОО Куманово, да му се упати укажување;

Поради непостапување по укажувањето (бр. 03-1240/1), на трговските радиодифузни друштва што ги објавија податоците само на својата програма, а не и во дневен весник, Советот едногласно одлучи:

- на РДТ РАДИО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА ДООЕЛ, Македонска Каменица, да му се изрече мерката: писмена опомена.

Поради непостапување по укажувањето (бр. 03-1240/1), на трговските радиодифузни друштва кои воопшто на ја исполнија обврската, односно до Советот не доставија ниту копија од објавата во дневен весник, ниту снимка од објавената содржина на ЦД или ДВД формат, Советот едногласно одлучи:

- на ТРД Зоран Стефановски НЕЗАВИСНА ТВ Охрид ДООЕЛ, да му се изрече мерката: писмена опомена;

Поради непостапување по укажувањето (бр. 03-1240/1), на трговските радиодифузни друштва кои воопшто на ја исполнија обврската, односно до Советот не доставија ниту ниту копија од објавата во дневен весник, ниту снимка од објавената содржина на ЦД или ДВД формат, Советот со 14 гласа „за“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, одлучи:

- на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ,Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, да му се упати укажување;

Поради непостапување по укажувањето (бр. 03-1240/1), на трговските радиодифузни друштва кои воопшто на ја исполнија обврската, односно до Советот не

доставија ниту ниту копија од објавата во дневен весник, ниту снимка од објавената содржина на ЦД или ДВД формат, Советот едногласно одлучи:

- на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар, да му се изрече мерката: писмена опомена;

Поради непостапување по укажувањето (бр. 03-1240/1), на трговските радиодифузни друштва кои воопшто на ја исполнија обврската, односно до Советот не доставија ниту ниту копија од објавата во дневен весник, ниту снимка од објавената содржина на ЦД или ДВД формат, Советот едногласно одлучи:

- на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово, да се изрече мерката: писмена опомена со барање за објавување.

На Трговско радиодифузно друштво РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово, му се наложува во рок од 7 (седум) дена, од денот на приемот на Одлуката, да ги отстрани сторените повреди со непочитувањето на Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на РМ", бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010, 145/2010, 97/2011) и прописите донесени врз основа на истиот закон.

Се задолжува Трговско радиодифузно друштво РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката, да ја изврши изречената мерка и во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Одлуката, писмено да го извести Советот за радиодифузија на РМ за денот кога ќе ја спроведе/изврши истата.

Се задолжува Трговско радиодифузно друштво РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово, изречената мерка писмена опомена со барање за објавување да ја изврши на начин што спикер ќе ги прочита следните податоци за: органот кој ја изрекол мерката, називот на изречената мерка, датумот и часот на сторувањето на прекршокот поради кој е изречена мерката, описот на прекршокот и бројот на членот од Законот кој е прекршен. Објавувањето да се изврши во периодот од 08:00 до 10:00 часот. На објавените писмени опомени со барање за објавување, не е дозволено да се емитува коментар."

Советот го задолжи Секторот за истражување и долгорочен развој да го следи извршувањето на изречената мерка: писмена опомена со барање за објавување од точката 4 на овој Заклучок од страна на радиодифузерот Трговско радиодифузно друштво РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово и да го извести Секторот за правни работи за да ја евидентира во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

Поради непостапување по укажувањето (бр. 03-1240/1), на трговските радиодифузни друштва кои воопшто на ја исполнија обврската, односно до Советот не доставија ниту ниту копија од објавата во дневен весник, ниту снимка од објавената содржина на ЦД или ДВД формат, Советот едногласно одлучи:

- на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар, да му се изрече мерката: писмена опомена;

Поради непостапување по укажувањето (бр. 03-1240/1), на трговските радиодифузни друштва кои воопшто на ја исполнија обврската, односно до Советот не доставија ниту ниту копија од објавата во дневен весник, ниту снимка од објавената содржина на ЦД или ДВД формат, Советот со 14 гласа „за" и еден воздржан глас од членот на Советот, м-р Васко Петревски, едногласно одлучи:

- на Трговско радиодифузно друштво РАДИО БЕСА ДООЕЛ с. Црнилиште Долнени, да му се изрече мерката: времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден.

На Трговско радиодифузно друштво РАДИО БЕСА ДООЕЛ с. Црнилиште Долнени, му се наложува веднаш а најдоцна во рок од 7 (седум) дена, од денот на приемот на Одлуката, да ги отстрани сторените повреди со непочитувањето на Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на РМ", бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010, 145/2010, 97/2011) и прописите донесени врз основа на истиот закон.

Се задолжува Трговско радиодифузно друштво РАДИО БЕСА ДООЕЛ с. Црнилиште Долнени, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката, да ја изврши изречената мерка, односно да не емитува рекламирање и телешопинг во

период од 1 (еден) ден и во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Одлуката, писмено да го извести Советот за радиодифузија на РМ за денот кога ќе ја спроведе/изврши истата.

Се задолжува Секторот за програмски работи да го следи извршувањето на изречената мерка од точка 3 на овој Заклучок од страна на радиодифузерот Трговско радиодифузно друштво РАДИО БЕСА ДООЕЛ с. Црнилиште Долнени, и да го извести Секторот за правни работи за да ја евидентира во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за истражување и долгорочен развој да ги подготви Одлуките и укажувањата.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за истражување и долгорочен развој да ги евидентира Одлуките и укажувањата во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот да ги достави Одлуките и укажувањата до Трговско радиодифузно друштво ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга, ТРД МУЗИЧКО РАДИО КМР Љубиша и Бобан ДОО Куманово, РДТ РАДИО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА ДООЕЛ, Македонска Каменица, ТРД Зоран Стефановски НЕЗАВИСНА ТВ Охрид ДООЕЛ, ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ,Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар и Трговско радиодифузно друштво РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово.

**Точка 7**

Советот ја разгледа предложената Информација за радиодифузерите што не доставија податоци за економско-финансиско работење за 2012 година.

Советот ја усвои предложената Информација за радиодифузерите што не доставија податоци за економското работење во 2012 година.

Согласно член 37 став 2 и член 20 став 3 и 4 од Законот за радиодифузната дејност, член 10, 11 и 12 од Упатството за формата и содржината на известувањата и барањата на радиодифузерите поврзани со промените во сопственичката структура и за видот и формата на податоците за економско-финансиското работење што радиодифузерите се должни да му ги доставуваат на Советот за радиодифузија (Службен весник на Република Македонија бр.53/08 и 41/13) и Одлуката за доставување на пропратната документација кон барањата и другите дописи упатени до архивата на Советот за радиодифузија (бр.02-4880/1 од 24.09.2012 година), на ден 21 март 2013 година, со допис бр.03-1284/1, Советот за радиодифузија побара од сите трговски радиодифузни друштва да достават податоци и документи поврзани со економското работење во 2011 година, и тоа:

- копија од завршната сметка за 2012 година заверена на нотар,
- пополнет Образец С/2,
- нотарски заверена изјава од управителот на радиодифузерот дека податоците во Образецот С/2 се точни,
- тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Македонија (не постара од 7 дена од денот на доставувањето и во оригинал).

Советот, поради неисполнување на обврската во целост, со 14 гласа „за“ и еден воздржан галас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, одлучи:

- на ТРД Зоран Стефановски НЕЗАВИСНА ТВ Охрид ДООЕЛ, да му се упати укажување;

Советот, поради неисполнување на обврската во целост, со 14 гласа „за“ и еден воздржан галас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, одлучи:

- на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар, да му се упати укажување;

Советот, поради неисполнување на обврската во целост, едногласно одлучи:
- на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово, да се изрече мерката: писмена опомена со барање за објавување.

На Трговско радиодифузно друштво РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово, му се наложува во рок од 7 (седум) дена, од денот на приемот на Одлуката, да ги отстрани сторените повреди со непочитувањето на Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на РМ", бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010, 145/2010, 97/2011) и прописите донесени врз основа на истиот закон.

Се задолжува Трговско радиодифузно друштво РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката, да ја изврши изречената мерка и во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Одлуката, писмено да го извести Советот за радиодифузија на РМ за денот кога ќе ја спроведе/изврши истата.

Се задолжува Трговско радиодифузно друштво РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово, изречената мерка писмена опомена со барање за објавување да ја изврши на начин што спикер ќе ги прочита следните податоци за: органот кој ја изрекол мерката, називот на изречената мерка, датумот и часот на сторувањето на прекршокот поради кој е изречена мерката, описот на прекршокот и бројот на членот од Законот кој е прекршен. Објавувањето да се изврши во периодот од 08:00 до 10:00 часот. На објавените писмени опомени со барање за објавување, не е дозволено да се емитува коментар."

Се задолжува Секторот за истражување и долгорочен развој да го следи извршувањето на изречената мерка: писмена опомена со барање за објавување од точката 2 на овој Заклучок од страна на радиодифузерот Трговско радиодифузно друштво РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово и да го извести Секторот за правни работи за да ја евидентира во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.
- на Трговско радиодифузно друштво ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга, да му изрече мерка: времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден.

На Трговско радиодифузно друштво ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга, му се наложува веднаш а најдоцна во рок од 7 (седум) дена, од денот на приемот на Одлуката, да ги отстрани сторените повреди со непочитувањето на Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на РМ", бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010, 145/2010, 97/2011) и прописите донесени врз основа на истиот закон.

Се задолжува Трговско радиодифузно друштво ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката, да ја изврши изречената мерка, односно да не емитува рекламирање и телешопинг во период од 1 (еден) ден и во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Одлуката, писмено да го извести Советот за радиодифузија на РМ за денот кога ќе ја спроведе/изврши истата.

Се задолжува Секторот за програмски работи да го следи извршувањето на изречената мерка од страна на радиодифузерот Трговско радиодифузно друштво ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга, и да го извести Секторот за правни работи за да ја евидентира во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

Советот поради не исполнување на обврската во целост, едногласно одлучи:
- на Трговско радиодифузно друштво РАДИО БЕСА ДООЕЛ с. Црнилиште Долнени, да му се изрече мерката: писмена опомена.

Советот, поради не доставување на целосната документација едногласно одлучи:
- на РДТ РАДИО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА ДООЕЛ, Македонска Каменица, да му упати укажување;
- на ТРД ТВ БТР НАЦИОНАЛ Зоран ДООЕЛ Скопје, да му упати укажување;
- на Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, да му упати укажување;
- на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КРТ ДОО Скопје, да му упати укажување;

- на ТРД РАДИО ЛА КОСТА Петре ДООЕЛ Виница, да му упати укажување.

Се задолжуваат наведените радиодифузери, целосната документација да ја достават најдоцна во рок од 7 дена од приемот на укажувањето.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за истражување и долгорочен развој да ги подготви Одлуките и укажувањата.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за истражување и долгорочен развој да ги евидентира Одлуките и укажувањата во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот да ги достави Одлуките и укажувањата до ТРД Зоран Стефановски НЕЗАВИСНА ТВ Охрид ДООЕЛ, Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар, Трговско радиодифузно друштво РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово, Трговско радиодифузно друштво ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга, Трговско радиодифузно друштво РАДИО БЕСА ДООЕЛ с. Црнилиште Долнени, РДТ РАДИО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА ДООЕЛ, Македонска Каменица, ТРД ТВ БТР НАЦИОНАЛ Зоран ДООЕЛ Скопје, Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КРТ ДОО Скопје и на ТРД РАДИО ЛА КОСТА Петре ДООЕЛ Виница.

**Точка 8**

Советот ја разгледа предложената Информација за ослободување од плаќање радиодифузна такса за обврзниците во с. Црешка, општина Штип, со Предлог-Одлука.

Советот ја усвои предложената Информација за ослободување од плаќање радиодифузна такса за обврзниците во с.Црешка, општина Штип.

Согласно доставеното Барање УПП бр.03-37 од Друштвото за производство, трговија услуги ,,ФРУТИПРОМ” ДОО увоз – извоз с.Црешка Штип и Барање УПП бр.03-38 од Друштво за вработување на инвалидни лица за производство, промет и услуги ,,ПУРАВИН” ДООЕЛ увоз – извоз с.Црешка – Штип, за ослободување од плаќање радиодифузна такса на обврзниците во с.Црешка, општина Штип, Совето за радиодифузија до Јавното претпријатие ,,Македонска радиодифузија”, упати Барање бр.03-1207/1, за извршување на мерења на РТВ сигнал со кое беше побарано доколку Јавното претпријатие ,,Македонска радиодифузија” поседува дополнителни информации за наведеното да ги достави до Советот, како тој би превземал понатамошни активности или ако е потребно да се изврши мерење за наведеното место и да го известат Советот за резултатите од мерењето.

Јавното претпријатие ,,Македонска радиодифузија” – Скопје, достави Одговор, бр.03-347/2 од 23.04.2013 година (наш бр.03-1207/2 од 26.04.2013 година), со кој го извести Советот дека Јавното претпријатие ,,Македонска радиодифузија” – Скопје, извршило мерења и констатирале дека с.Црешка – општина Штип, нема прием на ТВ и РА програмите на Јавното претпријатие ,,Македонска радиодифузија” – Скопје.

Советот за радиодифузија на Република Македонија едногласно одлучи да и предложи на Владата на Република Македонија да ги ослободи од плаќање радиодифузната такса, обврзниците кои не се покриени со радиодифузен сигнал, односно немаат прием на програмите на Јавното радиодифузно претпријатие ‘’Македонска радиотелевизија“, и тоа: Друштво за производство, трговија и услуги ,,ФРУТИПРОМ” ДОО увоз – извоз с.Црешка Штип, за објектот во населено место с.Црешка ул.Населено место без уличен систем”, с.Црешка, Штип и Друштво за вработување на инвалидни лица за производство, промет и услуги ,,ПУРАВИН” ДООЕЛ увоз – извоз с.Црешка – Штип, за објектот во населено место с.Црешка ул.Населено место без уличен систем”, с.Црешка, Штип.

Ослободувањето од плаќање радиодифузна такса наведено во овој заклучок да биде до 31 мај 2013 година.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да достави допис до Владата на Република Македонија, во кој ќе и предложи да донесе Одлука за ослободување од радиодифузната такса на Друштвото за производство, трговија и услуги ,,ФРУТИПРОМ" ДОО увоз – извоз с.Црешка Штип, за објектот во населено место с.Црешка ул.Населено место без уличен систем", с.Црешка, Штип и Друштво за вработување на инвалидни лица за производство, промет и услуги ,,ПУРАВИН" ДООЕЛ увоз – извоз с.Црешка – Штип, за објектот во населено место с.Црешка ул.Населено место без уличен систем", с.Црешка, Штип.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да подготви Одлука за ослободување од радиодифузната такса на Друштвото за производство, трговија и услуги ,,ФРУТИПРОМ" ДОО увоз – извоз с.Црешка Штип, за објектот во населено место с.Црешка ул.Населено место без уличен систем", с.Црешка, Штип и Друштво за вработување на инвалидни лица за производство, промет и услуги ,,ПУРАВИН" ДООЕЛ увоз – извоз с.Црешка – Штип, за објектот во населено место с.Црешка ул.Населено место без уличен систем", с.Црешка, Штип.

**Точка 9**

Советот ја разгледа Предлог - пропишаната процедура за процесот на спроведување на постапки за јавни набавки во Советот за радиодифузија на Република Македонија.

Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски, објасни дека материјалот за точката е дистрибуиран до членовите на Советот еден ден пред да започне седницата. Во таа насока објасни дека Раководителот на Стручната служба има забелешки по однос на Предлог - пропишаната процедура за процесот на спроведување на постапки за јавни набавки во Советот за радиодифузија на Република Македонија. Бидејќи се работи за сериозен документ, по предлог на Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски, Советот одлучи предметната точка уште еднаш да се разгледа и да се одложи за првото продолжение на 23-та седница.

**Точка 10, 11, 12 и 13**

Во однос на Барањата за дополнување на регистрираниот збирен програмски пакет на наведените во дневниот ред оператори на јавна комуникациска мрежа, Раководителот на Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права, објасни дека целата доставена документација е во согласност со Одлуката за доставување на пропратна документација кон Барањата и другите дописи упатени до архивата на Советот за радиодифузија и Правилникот за регистрација на пакетот програмски сервиси на операторите на јавни комуникациски мрежи.

Советот едногласно одлучи да се прифатат Барањата за дополнување на регистрираниот збирен програмски пакет на: Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор Кабле Калл увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, Македонски Телеком АД Скопје, ТРД – оператор на кабелска мрежа Спејс Тел-Нет ДООЕЛ с.Кадино и Друштво за услуги, трговија и производство МОБИ Сервис увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп.

Советот едногласно донесе одлука:

- на Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор Кабле Калл увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр.2 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку комуникациска мрежа.
- на Македонски Телеком АД Скопје, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр.42 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку комуникациска мрежа.

- на ТРД – оператор на кабелска мрежа Спејс Тел-Нет ДООЕЛ с.Кадино, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр. 3 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку комуникациска мрежа.
- на Друштво за услуги, трговија и производство МОБИ Сервис увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, општина Кривогаштани, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр. 1 за регистрација на програмски сервиси за реемитување преку комуникациска мрежа.

Советот го задолжи назначеното лице од Советот за водење на предмети по управна постапка, да ги запише потврдите во Уписникот за предметите од првостепената управна постапка – Уп 1.

Советот го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста да ги објави на веб страницата на Советот за радиодифузија измените во програмските пакети на: Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор Кабле Калл увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, Македонски Телеком АД Скопје, ТРД – оператор на кабелска мрежа Спејс Тел-Нет ДООЕЛ с.Кадино и Друштво за услуги, трговија и производство МОБИ Сервис увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот, потврдите да ги достави до наведените оператори на јавна комуникациска мрежа.

**Точка 14**
**Разно**

- Советот за радиодифузија на Република Македонија едногласно го усвои предложениот Извештај од учеството на 37-от состанок на EPRA, одржан од 8-10 мај 2013 година, во Краков, Полска, изработен од Претседателот на Советот за радиодифузија, д-р Зоран Трајчевски и м-р Методија Јанчевски,член на Советот.

- Советот едногласно одлучи да биде остварена службена посета на Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, со цел да се констатира дали наведениот радиодифузер емитува програма.

Советот одлучи, да се формира комисија во состав: м-р Борис Арсов, Столе Наумов, членови на Советот и Арбен Саити, Раководител на Секторот за технологии и информатика, која ќе има за цел да ја утврди фактичката состојба и да се утврдат понатамошните активности.

Советот го задолжи Секторот за технологии и информатика да подготви допис до Агенцијата за електронски комуникации со кој ќе побара информација дали фреквенцијата на која радиодиофузерот Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, емитувал програма, сеуште се користи.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот, да го достави дописот до Агенцијата за електронски комуникации.

**ЗАПИСНИК**
**од првото продолжение на 23-та седница на Советот**
**одржано на 06.06.2013 година**

**Присутни членови на Советот:** д-р Зоран Трајчевски, д-р Милаим Фетаи, акад. Бојан Шоптрајанов, м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов, Замир Мехмети, Бранко Радовановиќ, Методи Стоименовски, Столе Наумов, Антонио Јовановски, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски.

**Отсутни членови на Совет:** Сељадин Џезаири (оправдано отсутен), м-р Методија Јанчески (оправдано отсутен), м-р Васко Петревски (оправдано отсутен).

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар.
**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски го отвори првото продолжение на 23-та седница на Советот за радиодифузија на Република Македонија.

Предлози за измена или дополнување на дневниот ред не беа понудени.

Советот едногласно, го усвои следниот:

## Дневен ред

1. Предлог - пропишаната процедура за процесот на спровдување на постапки за јавни набавки во Советот за радиодифузија на Република Македонија.

**Точка 1**

Советот ја разгледа Предлог - пропишаната процедура за процесот на спровдување на постапки за јавни набавки во Советот за радиодифузија на Република Македонија.

Советот едногласно ја усвои Пропишаната процедура за процесот на спроведување на постапките за јавни набавки во Советот за радиодифузија на Република Македонија.

По предлог на Раководителот на Стручната служба на Советот, Советот одлучи Пропишаната процедура за процесот на спроведување на постапките за јавни набавки во Советот за радиодифузија на Република Македонија, да се дополни на следниот начин:

a. во делот со наслов „Тек на Работа“, со поднаслов „Лица вработени во Советот за радиодифузија кои се инволвирани во процесот“, во точката 13, по зборовите „Соработници во Секторот за правни работи“ да се додадат зборовите: задолжени за јавните набавки.

b. во делот со наслов „Тек на Работа“, со поднаслов „Минимална поделба на должности“, по зборовите „Соработници во Секторот за правни работи“ да се додадат зборовите: задолжени за јавните набавки.

c. во делот со наслов „Правила и регулативи„ со поднаслов „Закон за јавни набавки, подзаконски акти од областа на јавните набавки“, во табелата, под насловот „Вработени“, во колоната „Соработници во Секторот за правни работи“ да се додадат зборовите: задолжени за јавните набавки.

d. Во делот со наслов „Хронолошки активности (дијаграм со инструкции)“, односно табелата „Спроведување на постапки за јавни набавки“ да се дополни на следниот начин:

- во точката број 2 од табелата, над соработникот одговорен за реализирање на конкретната активност да се додаде називот на Секторот: Сектор за економско-финансиски работи и делот „Раководител на Секторот за економско-финансиски работи“ да се измени во „Раководител на Секторот за економско-финансиски работи/извршител од Секторот за економско-финансиски работи кој го заменува раководителот“;
- во точката број 5 од табелата, над соработниците одговорни за реализирање на конкретната активност да се додаде називот на Секторот: Сектор за правни работи и делот „Раководител на Секторот за правни работи или соработниците од Секторот за правни работи“ да се измени во „Раководител на Секторот за правни работи/соработниците од Секторот за правни работи задолжени за јавните набавки“;
- во точката број 6 од табелата, над соработникот одговорен за реализирање на конкретната активност да се додаде називот на Секторот: Сектор за

правни работи и „соработниците од Секторот за правни работи“ да се измени во „соработниците од Секторот за правни работи задолжени за јавните набавки“;

- во точката број 7 од табелата, над соработникот одговорен за реализирање на конкретната активност да се додаде називот на Секторот: Секретаријат;
- во точката број 10 од табелата, над соработникот одговорен за реализирање на конкретната активност да се додадат називите на Секторите: Сектор за технологии и информатика/Сектор за правни работи и делот „Раководител на Секторот за технологии и информатика“ да се измени во „Раководител на Сектор за технологии и информатика/Раководител во Сектор за правни работи/Соработници од Секторот за правни работи задолжени за јавните набавки“;
- во точката број 12 од табелата, под „Сектор за правни работи“ да се додаде „Соработници од Секторот за правни работи задолжени за јавните набавки“;
- во точката број 13 од табелата, да остане само „Секретаријат“, односно да се избришат зборовите „на СРД“;
- во точката број 14 од табелата, под „Сектор за правни работи„ да се додаде „Раководител на Секторот за правни работи/соработниците од Секторот за правни работи задолжени за јавните набавки“;
- во точката број 15 од табелата, под „Сектор за правни работи„ да се додаде „Раководител на Секторот за правни работи/соработниците од Секторот за правни работи задолжени за јавните набавки“
- во точката број 16 од табелата, над соработникот одговорен за реализирање на конкретната активност да се додаде називот на Секторот: Сектор за правни работи и делот „Соработниците од Секторот за правни работи“ да се измени во „Раководител на Секторот за правни работи/соработниците од Секторот за правни работи задолжени за јавните набавки“;
- во точката број 17 од табелата, над соработникот одговорен за реализирање на конкретната активност да се додаде називот на Секторот: Сектор за правни работи и делот „Раководител на Секторот за правни“ да се измени во „Раководител на Секторот за правни работи/соработниците од Секторот за правни работи задолжени за јавните набавки“,
- во точката број 18 од табелата, над соработникот одговорен за реализирање на конкретната активност да се додаде називот на Секторот: Секретаријат.

Во Пропишаната процедура за процесот на спроведување на постапките за јавни набавки во Советот за радиодифузија на Република Македонија, веднаш под табелата „Рокови за преземање дејствија во текот на постапката“ да се додаде уште една табела во која ќе бидат наведени 2 (два) рока, и тоа времетраењето на секоја поединечна постапка утврдена во ЗЈН од иницирањето на постапката до склучување на договорот, односно апроксимација на минимален и максимален рок, со цел да можат да се планираат постапките, во насока да им се помогне на вработените кои ќе ја користат процедурата, а не се правници.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да ги направи потребните измени и дополнувања.

Советот го задолжи Секторот за правни работи Пропишаната процедура за процесот на спроведување на постапките за јавни набавки во Советот за радиодифузија на Република Македонија да ја достави по електронска пошта до сите вработени во Советот со цел да се запазат правилата од процедурата.

Советот го усвои предлогот на членот на Советот Лазо Петрушевски, кој предложи заради олеснување на работните активностите на Секторите во Советот во однос на иплементацијата на ИСО стандардите кој ќе следи, сите Сектори од Советот

да изработат свои процеси/процедури, по следните критериуми за изработка: број на појавувања и финансиски аспект во смисла на обем на приходи или трошоци.

Бројот на изработени процеси/процедури по Сектори изнесува:

- Секторот за програмски работи – 2 (два),
- Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права – 1 (еден),
- Сектор за економско-финансиски работи – 2 (два),
- Сектор за правни работи – 1 (еден),
- Секретаријатот на Советот – 2 (два),
- Сектор за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста – 1 (еден),
- Сектор за технологии и информатика – 1 (еден),
- Сектор за истражување и развој – 1 (еден).

Се задолжуваат Раководителите на сите Сектори во Советот да достават свои предлози до Раководителот на Стручната служба на Советот за изработка на процеси/процедури во однос на точките 1 и 2 од овој заклучок.

Крајниот рок за завршување на Предлог – Процесите/Процедурите е третата недела од месец јули 2013 година.

**Бр. 02-2174/14**
**17.06.2013 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**
**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Ружица Бошнакоска Јотевска**

*Изработил: Ружица Бошнакоска Јотевска*
*Одобрил: Огнен Неделковски*